Врз основа член 370 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20 и 215/21) и точка 1.9 од Проспектот на ВФП ДИВИДЕНДА АКЦИИ – отворен инвестициски фонд, Одборот на директори на ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје (во понатамошниот текст Друштвото), на седницата на Одборот на директори одржана на 05.05.2026 година, ја утврди следната:

# ОДЛУКА

**за определување датум за исплата и износ на исплата на дивиденда**
**на сопствениците на удели во ВФП ДИВИДЕНДА АКЦИИ – отворен инвестициски фонд за 2025 година**

1. Износот на дивиденда кој ќе се исплати на сопствениците на удели во ВФП ДИВИДЕНДА АКЦИИ – отворен инвестициски фонд изнесува 2,7080 денари по удел.
   - Дивидендата ќе се исплаќа на трансакциска сметка на секој од сопствениците на удели.

2. Првиот ден без право на дивиденда за сопствениците на удели е 05.05.2026 година.

3. Исплатата на дивиденда ќе започне на 08.05.2026 година.

4. Сите сопственици на удели кои ќе бидат впишани во регистарот на удели заклучно со последниот ден со право на дивиденда донесен од страна на Друштвото во годината – 04.05.2026 година, го стекнуваат правото за учество во дел од исплатата од Фондот.

5. Одлуката за исплатата на дивиденда и другите клучни информации поврзани со распределбата на дел од приходите во вид на дивиденда ќе се објават на интернет страната на Друштвото.

6. Сопствениците на удели кои ќе го стекнат правото на исплата на дивиденда, ќе бидат информирани за износот и начинот на исплата преку начинот на комуникација кој го одбрале да ги добиваат известувањата од Фондот.

7. Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ

арх.бр. 0201-10/2 од 05.05.2026 година

Износот кој ќе се исплаќа на сопствениците на удели може да подлежи на даночни оптоварувања. Секој сопственик на удел е должен самостојно да се информира за даночниот третман на приходот кој би го остварил од уделите и доколку од тоа произлегуваат даночни обврски, истите да ги регулира, согласно важечката законска регулатива во делот на даноци.